# О Г Л А С

**За доделување стипендии на ученици,студенти, магистранди и докторанди за учебната 2022/2023**

За учебната 2022/2023 година ЕЗРМ ќе додели еднократни стипендии за ученици од средно образование и еднократни стипендии за студенти во високо образование.Буџетот на ЕЗРМ за стипендии за ученици за учебната 2022/2023 год изнесува 87.000 ден, а буџетот за студенти 120.000 ден.

I. **Услови за доделување стипендија за ученици**

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат во средно училиште, а ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни ученици во учебната 2022/2023 година;
2. Да се редовни членови во ЕЗРМ со уредно платена членарина за 2022 година;
3. Да прикажале активно учество во активностите на ЕЗРМ;
4. Да завршиле со одличен успех во изминатата учебна година

При изборот предност ќе имаат кандидатите што имале поголем придонес во активностите во ЕЗРМ.

II. **Услови за доделување стипендија за студенти**

Право на стипендија имаат кандидатите кои се запишани на додипломски, магистерски или докторски студии (или се во фаза на пријавување на магистерски или докторски студии) и не се во работен однос, а ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни студенти во учебната 2022/2023 година (за додипломски студии да се запишани или во фаза на запишување на магистерски или докторски студии)
2. Да се редовни членови во ЕЗРМ со уредно платена членарина за 2022 година;
3. Да прикажале активно учество во активностите на ЕЗРМ;
4. Да имаат просек од најмалку 7,5 (или еквивалент) за студенти на додипломски студии, а за студенти во прва година студии одличен успех во IV година средно образование
5. Да не се постари од 26 години (за студенти)

При изборот предност ќе имаат кандидатите што имале поголем придонес во активностите во ЕЗРМ.

**III. Начин и рок на пријавување**

Документите треба да се доставаат во ЕЗРМ, ул. Борка Талески број 24, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, или по е-пошта на contact@ezrm.org.mk најдоцна до **25.12.2022 година.**

## IV. Потребни документи

1. Пополнета пријава за стипендија
2. Потврда дека е редовен ученик/студент во учебната 2022/2023
3. Фотокопија или скенирани свидетелствата од последната учебна година (за ученици) односно
   Фотокопија или скенирани индекс или потврда за положени испити (за студенти);
4. Дополнителни дипломи или потврди од учество на вон-наставни активности (натпревари, конференции, семинари,...);
5. Изјава (од родител за малолетни кандидати) за веродостојноста на приложените материјали / документи.

## V. Евалуација на кандидатите, критериуми за избор и објава на резултатите

Добиените пријави за стипендија ќе се евалуираат од страна на комисија составена од претставници на ЕЗРМ, а номинирана од УО. При изборот, рангирањето на критериумите за избор е следниот:

1. Успех во образованието
2. Учество и допринос во активностите на ЕЗРМ
3. Ангажман во вон-наставни активности

Услов за задржување и продолжување на стипендијата ќе биде активноста на ученикот/студентот во активностите на ЕЗРМ.

Апликациите до комисијата што ќе ги евалуира ќе пристигнат **анонимно** (под шифра) заради објективност во одлучувањето.

Избраните кандидати за стипендија ќе бидат директно известени по е-пошта.